**П2-190/23**

**ОСНОВНИОТ СУД ВО БИТОЛА** со судијата Александар Илиевски како претседател на советот со судиите поротници Дејан Ѓуровски и Весна Петровска како членови на советот постапуваки во правната работа на тужителот Татјана Темелко од Битола ул.Батаљон Стив Наумов бр.38 застапуван преку полномошникот адвокат Елизабета Пеливановска Тасламическа од Прилеп, против тужениот Тодор Темелко од Битола ул.Батаљон Стив Наумов бр.38, основ развод на брак, вредност на спор 20.000.00 денари, на ден 04.09.2024 година, го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

Тужбата на тужителот Темелко Татјана од Битола против тужениот Тодор Темелко од Битола, основ развод на брак **СЕ СМЕТА ЗА ПОВЛЕЧЕНА.**

## О б р а з л о ж е н и е

Тужителот преку својот полномошник поднесе тужба против тужениот за развод на брак.

Постапувајки по тужбата судот направи обиди за давање на тек на постапката бидејќи имаше пречка во адресните податоци на странките поточно за тужениот.

На одржаното рочиште од 06.06.2024 година, за тужителот се јави пол. адвокат Благој Манаковски со заменичко полномошно од адвокат Елизабета Пеливановска Тасламическа од Прилеп кој со полномошното го овласти овој адвокат да ја застапува се до правосилно завршување на постапката за развод.

На рочиштето од 06.06.2024 година судот јасно му укажа на пол.на тужителот од потребата да се уреди тужбата давајки за тоа соодветен рок, а истовремено закажа и расправа за ден 03.09.2024 година и за истото му даде примерок од записникот на присутниот адвокат.

Меѓутоа на расправата од ден 03.09.2024 година никој не се јави односно иако тужителот уредно викан преку полномошникот на записник не се јави и истиот не го оправда изостанокот, па судот со примена на член 254 став 1 од Законот за семејството согласно кој ако тужителот, односно неговиот полномошник не дојде на првото рочиште за главната расправа, ќе се смета дека тужбата за развод на брак е повлечена, донесе решение тужбата да се смета за повлечена бидејќи тужителот не се јави.

Точноста на преписот ја заверува Судски службеник ОСНОВЕН СУД БИТОЛА

**Претседател на советот**
**С у д и ј а,**
**Александар Илиевски**

**ПОУКА:** Против решението дозволено е право на жалба во рок од 15 дена, по приемот на решението, преку овој суд до Апелациониот суд во Битола.

**ДНА:** Пол. на тужителот адвокат Елизабета Пеливановска Тасламическа од Прилеп.